ВРЕДНОСНИ ПРАГОВИ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

1. Прашање:

Што се евидентира во кварталните евиденции и дали фискалните сметки треба да бидат внесени во евиденција?

Одговор:

Во кварталните евиденции се внесуваат податоци за:

- набавки со вредност под вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 од ЗЈН, а кои не претставуваат исклучок од примена на законот за јавни набавки;
- набавки за посебни услуги кои не се спроведуваат со користење соодветна постапка во согласност со членот 47 од ЗЈН;
- поединечни договори од склучени рамковни спогодби/динамичен систем за набавки.

Во кварталната евиденција не се евидентираат трошоците кои се задоволуваат врз основа на некој од исклучоците предвидени со законот, како и трошоците кои произлегуваат од други материјални прописи (на пр. договори за вработување, царински давачки, режиски трошоци, административни такси и сл.).

ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

2. Прашање:

Договорниот орган има потреба од набавка на резевни делови за возниот парк. Со одлуката за јавна набавка определенени се 500.000 денари, но бидејќи имаме повеќе ставки понудите ќе бидат повисоки од планираните средства. По извршени консулатации наместо постапката - набавка од мала вредност планираме да спроведеме поедноставена отворена постапка, а договорот да го склучиме на планираната сума определена со одлуката за јавна набавка.

Дали може набавката да ја спроведеме на погоренаведениот начин или да спроведеме набавка од мала вредност, а договорот да го склучиме на 500.000 денари.

Одговор:

Во зависност од проценетата вредност на предметната набавка, договорниот орган спроведува една од постапките наведени во членот 47 од законот.

Во однос на дефинирањето на потребните количини од предметот на набавка, едната можност е договорниот орган да ја наведе планираната количина, но и можноста од истата да има отстапување позитивно/негативно во одреден процент, додека другата можност е предвидување на максимални количини кои договорниот орган би ги набавил, но и минимални количини кои задолжително мора да ги набави.

Во случај кога точното време и обемот на потребата од предметот на набавка не е однапред познат, договорниот орган може да избере рамковна спогодба како посебен начини на спроведување на постапката за јавна набавка. Рамковната спогодба сама по себе не претставува договор за испорака на конкретна стока, услуга или работа. Спогодбата не создава обврска за договорниот орган да бара конкретна стока, работа или услуга да се испорача, изврши, односно изведе. Спогодбата се подразбира единствено како можност договорниот орган во моментот кога ќе му биде потребно нешто што е предмет на спогодбата да пристапи кон една од страните на рамковната спогодба и со неа да склучи договор за

испорака, извршување или изведување на одредена количина од она што е предмет на спогодбата, под услови кои се утврдени во истата.

Дополнително, во договорите за јавна набавка /рамковна спогодба, договорниот орган може да вметне одредба дека предметот на набавка ќе се испорачува сукцесивно, до искористување на максималниот износ на обезбедени средства. Но, ваквата одредба може да се вметне само под услов истата да била наведена во тендерската документација.

3. Прашање:

Спроведуваме набавка од мала вредност, делива на делови за која е планирано склучување на рамковна спогодба. Во Одлуката за јавна набавка предвидената сума на средства не ја поделивме на делови. Во моментот сме во фаза на евалуација.

Дали подоцна може да се соочиме со проблем кога ќе дојде време за потпишување на рамковните спогодби? Како да постапиме?

Одговор:

За потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган. Со одлуката за јавна набавка согласно со член 77 став 2 од законот, меѓуостанатото се утврдува и износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот.

Согласно член 39 став (5) и (9) од законот, кај рамковната спогодба и динамичниот систем за набавки, договорниот орган ја зема предвид максималната проценета вредност без вклучен ДДВ на сите договори, предвидени за целото времетраење на рамковната спогодба или на динамичниот систем за набавки.

Во случај на деллива набавка во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ги предвиди и износите за секој дел одделно, па понатаму во фазата на евалуација комисијата ќе може да ја утврди прифатливоста на понудите за поединечните делови.

Ако во одлуката за јавна набавка, не се предвидени износите за секој дел одделно, договорниот орган треба да внимава да не ја надмине вкупната проценета вредност при пополнувањето на известувањата за склучен договор, односно рамковни спогодби за поединечните делови.

Истовремено, по извршената евалуација, а пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, договорниот орган (со цел полесна следливост на договорите за поедини делови) може да пристапи кон измена на одлуката за јавна набавка во делот на определените средства со цел нивна поделба по делови согласно добиените понуди.

ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

4. Прашање:

Со новите измени во Електронскиот систем за јавни набавки кај деливите набавки задолжително е внесување на проценета вредност за секој дел посебно. Дали доколку се стави некоја проценета вредност и истата е пониска од најповолната понуда ќе мора да се донесе одлука за дообезбедување на средстава само за тој дел иако вкупната проценета вредност на целата постапка не е надмината и дали ќе може да се префрлаат средства од еден дел во друг во истата постапка со цел да се избегне дообезбедувањето.

Одговор:

Со одлуката за јавна набавка согласно со член 77 став (2) од законот, меѓу останатото се утврдува и износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот.
Во случај на делива набавка во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ги предвиди и износите за секој дел одделно, па понатаму во фазата на евалуација комисијата ќе може да ја утврди прифатливоста на понудите за поединечните делови.
Во врска со вашето прашање „Дали доколку се стави некоја проценета вредност и истата е пониска од најповолната понуда ке мора да се донесува одлука за дообезбедување на средстава само за тој дел иако вкупната проценета вредност на целата постапка не е надмината и дали ке може да се префрлаат средства од еден дел во друг во истата постапка со цел да се избегне дообезбедувањето“, препорачуваме по евалуацијата на финансиските понуди да се измени одлуката за потреба од јавна набавка (пред да се донесе одлука за избор) и да се утврдат проценетите вредноси на делови, во рамките на веќе утврдената проценетата вредност на целата набавка.

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА / ОДЛУКА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

5. Прашање:

Спроведена е отворена постапка за склучување на договор за јавна набавка на услуга за период од 24 месеци. Согласно добиена понуда, доколку би се извршил избор на истата и би се склучил договор, истиот би завршил неколку месеци порано (би се исцрпил за 17 месеци), бидејќи планираната вредност на договорот е помала од понудената цена. Во тендерската документација е наведено дека договорот ќе биде склучен на вредност согласно планираните средства во Одлуката за јавна набавка и Планот за јавни набавки.

Дали е законски да се изврши избор на доставената понуда и да се склучи договор чија важност ќе биде 24 месеци или до негова финансиска реализација?

Одговор:

Договорниот орган согласно член 82 став (1) од законот, предметот на набавка го опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган.

Во законот за јавните набавки рокот на важење на договорите за јавни набавки не е експлицитно дефиниран. Согласно член 4 од Правилник за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, договорите за јавни набавки кои ќе се реализираат повеќе од една година, треба да се внесат во годишниот план за јавни набавки за годината кога е планирано да се спроведе постапката за јавна набавка.

Евалуацијата на понудите комисијата ја врши во согласност со барањата и критериумите наведени во тендерската документација, при што треба да се почитуваат основните начела на јавните набавки и тоа: економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Оттука, прашањето дали „..да се изврши избор на доставена понуда и да се склучи договор со важност од 24 месеци или до негова финансиска реализација, и покрај што тоа што доколку се избере истата, договор би се исцрпил за 17 месеци“, зависи од начинот на кој истото е дефинирано во тендерската документација.

Истовремено, а со цел во иднина да не се доведувате во слична ситуација препорачуваме да спроведете анализа на пазарот. Анализата на пазарот ќе ви овозможи да соберете на информации кои што ќе ви помогнат во дефинирањето на барањата, односно ќе овозможи:

- Да ги осознаете карактеристиките на пазарот, а особено последните случувања и трендовите кои што може да влијаат врз конкуренцијата (на пр. мал број економски оператори, стандардизирани или едноставни производи, мал или никаков влез на нови понудувачи, итн.);
- Да соберете информации за економските оператори, нивните производи, цени или трошковни структури;
- Да се соберат информации за последните промени во цените (за цените во ордедени географски подрачја (пазари) и за цените на потенцијални алтернативни производи) и
- Да соберете информации за претходни понуди за исти или слични производи.

Од друга страна, склучениот договор за јавна набавка има важност до целосното реализирање на истиот, временско, вредносно или количински. Според тоа, договорот за јавна набавка, се смета за исцрпен во моментот кога ќе биде целосно временски, вредносно или количински реализиран. Оттука, по реализирање на договорот (финансиски, количински или само временски), договорниот орган за задоволување на потребата од предметната набавка е потребно да спроведе нова постапка за јавна набавка.

При реализација, односно исполнување на договорните обврски согласно член 117 став (3) од законот, договорните страни покрај одредбите од законот за јавните набавки, соодветно ги применуваат и одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

6. Прашање:

Согласно член 113 став (5) од законот, по доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

Дали, овој став го опфаќа и увидот во доставените примероци кои се барани како техничка понуда согласно описот и димензиите дадени во техничката спецификација и можноста економските оператори да ги премеруваат истите, односно да извршат проверка на начинот како е извршено мерењето.

Одговор:

По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, согласно член 113 став (5) од законот, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

Со оваа одредба се воведува можноста понудувачите - учесници во конкретната постапка, во периодот по носењето на одлуката, па сè до истекот на рокот за жалби, да имаат комплетен увид во целокупната документација за постапката. Единствено немаат увид во документи што се означени како деловна тајна.

Наведенава одредба овозможи подигање на транспарентноста во постапките за јавни набавки од една страна, додека од друга страна им овозможи на понудувачите лесно да проценат дали се оштетени или дискриминирани при водењето на постапката и изборот на најповолна понуда. Притоа, ваквиот пристап ќе им ја олесни подготовката на евентуална жалба доколку увидат дека се оштетени во постапката.

Во однос на прашањето дали наведенава одредба овозможува „увидот во доставените примероци кои се барани како техничка понуда“, истото не е експлицитно ниту забрането ниту дозволено. Оттука, во треба да се утврди дали примероците се означени како деловна тајна или не.

Истовремено, укажуваме дека предвид треба да се има и член 30 став (4) од законот, согласно кој економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.

УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

7. Прашање:

Во подготовка на тендерска документација за изработка на основни проекти за брани, дали за докажување на техничката и професионалната способност со обезбедување потврда за извршени услуги може да се земат предвид потврдите за извршени услуги во последните 10 години. Наведенава можност ќе биде наведена во тендерската документација.

Потврдите за успешно реализирани договори кои се издадени од нас (како корисници на услугите), дали може да имаат третман на прифатливи потврди за успешно реализирани договори?

Одговор:

Доказите со кои во постапките за јавни набавки, се докажува техничката и професионалната способност на економскиот оператор се пропишани со член 95 став (8) од законот.

Согласно точка а) од горенаведената одредба, при утврдување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност на економските оператори, договорниот орган како доказ може да бара потврда за извршени испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), при што не е наведено од кога почнува да се смета овој период од три години.

Исто така, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ја земе во предвид и втората реченица од точка а) став (8) на член 95, согласно која а со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, може да ги земе предвид доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација.

Имено, целта на договорниот орган е да добие што е можно повеќе прифатливи понуди со цел да може да ја избере онаа која ќе значи најдобра вредност за парите кои ги обезбедил за задоволување на конкретната потреба.

Препорачливо е да се спроведе анализа на пазарот. Анализата на пазарот ќе ви овозможи собирање на информации кои што ќе ви помогнат во дефинирањето на барањата, односно ќе ви овозможи: да ги осознаете карактеристиките на пазарот и трендовите кои што може да влијаат врз конкуренцијата. Врз основа на собраните информации ќе пристапите кон дефинирање на потребното релевантно искуството од претходни успешно реализирани договори кои економските оператори треба да го поседуваат, како и определување на временскиот период во кој истите биле реализирани, а со цел обезбедување на потребно ниво на конкуренција кое ќе овозможи економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства.

Оттука, доколку како договорен орган сте биле примател на услугата која била навремено и квалитетно извршена, не постои пречка да ја издадете и земете во предвид.

ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

8. Прашање:

Спроведена е постапка за јавна набавка на Превдувачки услуги, каде критериум за избор на најповолна понуда е најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот.

Во постапката понуда има доставено понудувач каде што одговорното лице истовремено се јавува и како ангажирано лице за исполнување на условот на квалитет кај друг понудувач.

Дали во ваков случај понудите на двата понудувачи треба да бидат отфрлени како неприфаливи имајќи го во предвид членот 107 од Законот.

Одговор:

Кандидатот, односно понудувачот, во рамките на иста постапка за јавна набавка согласно член 107 став (1) и (2) од законот, може да учествува само во една пријава за учество, односно понуда.

Сите пријави за учество, односно понуди ќе бидат отфрлени ако кандидатот, односно понудувачот:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда.

Со горенаведениот член се утврдува принципот „еден понудувач – една понуда“, кој е вообичаен во меѓународната пракса. Ваквото правило важи без оглед на тоа дали кандидатот или понудувачот настапува самостојно или како член во група на економски оператори и се забранува понудувачот или кандидатот да учествува со повеќе од една понуда или пријава за учество.

Разните комбинации кои може да се јават во пракса и кои не се дозволени се опфатени во ставот (2) од член 107 од законот.

Истовремено, предвид треба да се имаат основните начела на јавните набавки (особено начелото на конкуренција помеѓу економските оператори), како и член 37 од Законот за јавните набавки, во кој е потенцирано дека за спречување судир на интереси во постапките за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

Следствено на горенаведеното, а во однос на вашето прашање, ве известуваме дека ваквата пракса и здружување не е уредено со одредбите од Законот за јавните набавки, па оттука ве упатуваме да се обратите и до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Имено, доколку во постапката се поднесени понуди од два економски оператори, од кои што одговорното лице на едниот економски оператор, се јавува како ангажирано лице кај друг економски оператор, би можело да се јави можност од незаконско договарање и нарушување на конкуренцијата.

Воедно, ве упатуваме да ја имате предвид и „Белешка – За алатки за постапување против незаконски договарања во јавните набавки и упатства за примена на причините за исклучување“, достапна на веб страната на Бирото за јавни набавки во дел Публикации/Прираачници за јавни набавки или на следниов линк: https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2023/04/EC-Beleska_koluzija_web.pdf

ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

9. Прашање:

Во фазата на евалуација, од страна на комисијата е поставено прашање до понудувачот за појаснување на понудената цена за еден од деловите за кои дал понуда (во деллива постапка). Во одговорот понудувачот навед дека, „...поради претходно техничко недоразбирање и погрешно толкување на дадениот цртеж, понудена е цена која не е одржлива за целосно извршување на договорот, бидејќи во вкупната понудена цена не се вклучени цените за одредени машински обработки". Комисијата ова го толкува како повлекување на понудата пред истекот на важноста на понудите и ќе издаде негативна референца.

Дали после ваквиот одговор, комисијата треба понудувачот да го исклучи за сите делови за кои поднел понуда или може да продолжи со евалуација на неговата понуда за останатите делови за кои понудувачот поднел понуда (неговата понуда е најповолна во некои делови).

Одговор:

Законот не содржи дефиниција за „понуда со невообичаено ниска цена“. Во пракса, ова се однесува на ситуација во која цената понудена од економскиот оператор создава сомнежи во однос на тоа дали е економски одржлива и дали може соодветно да се реализира. Имено, изборот на понуда со невообичаено ниска цена е ризично поради: ризик од неисполнување на обврските, дополнителни трошоци или зголемувања на цената во текот на реализација на договорот, ризик во однос на квалитетот, избегнување на обврските од областа на заштитата на животната средина, социјалната политика и трудот.

Законот за јавните набавки согласно член 110 став (1), му дава можност на договорниот орган да побара објаснување за цената доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена. Оттука, доколку постои сомнеж дека понудената цена е невообичаено ниска во однос на предметот на набавка или постои сомнеж дека договорот ќе биде навремено и квалитетно извршен за дадената цена, нема пречка договорниот орган да постапи согласно со член 110 од законот, и да побара објаснување за дадената цена.

Воедно, договорниот орган согласно со ставот (3) од горенаведениот член, ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена или трошоци согласно став (2) од истиот член.

Следствено на изнесеното, доколку понудата е отфрлена поради недоставено објаснување или докази кои не се доволни да се оправда неразумно ниската цена, истата не продолжува во понатамошните фази од постапката, односно нема можност да биде избрана за најповолна, поради што договорниот орган во ваков случај постапката ја продолжува со останатите понудувачи, доколку истите имаат прифатливи понуди.

Од друга страна, договорниот орган согласно член 101 став (6) од законот, ја наплаќа банкарската гаранција на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Со наведениов член таксативно се наведени случаите кога може да дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата и пристапување кон издавање на негативна референца.

Од погоре изнесеното произлегува дека негативна референца не се објавува при доставување на образложение кое е неприфатливо во однос на дадената невообичаено ниска цена.

Во однос на вториот дел од прашањето „Дали по добивање на незадоволителен одговор, понудувачот ќе треба да се исклучи од сите делови за кои поднел понуда“, укажуваме на член 78 став (1) и (3) од законот, договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови при што во огласот за јавна набавка (во поканата за потврдување на интересот или во поканата за поднесување понуди) одредува дали понудите може да се доставуваат за еден, за повеќе или за сите делови.

Кога предметот на набавка е оформен во повеќе посебни делови, комисијата врши евалуација за секој дел поединечно, а при утврдување на прифатливоста на понудите, предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 став 1 точка 11 од законот.

Следствено на изнесеново, комисијата треба да утврди дали доставените понуди за поединечните делови се во согласност со бараното во тендерската документација, дали понудените цени и за другите делови содржат невообичаено ниска цена по што ќе треба да постапи согласно член 110 став (1) од законот, или ќе утврди дека понудите се прифатливи и ќе ги евалуира и рангира.

10. Прашање:

Дали во случај на аритметичка грешка, економскиот оператор што има доставено понуда има обврска да ја потврди корегираната цена, како одговор на поставено прашање во фаза на евалуација или со самата корекција на цената, согласно правилникот за аритметички грешки, истата е прифатена од економскиот оператор без негова потврда?

Одговор:

Доколку при евалуација на финансиската понуда комисијата утврди аритметичка грешка согласно член 109 став (8) од законит, истата ја исправува и го известува понудувачот за направената исправка и за конечната финансиска понуда по направената исправка.

Согласно ставот (10) од наведениов член, по добивање на известувањето од комисијата, понудувачот во рок од два работни дена, одговара дали ја прифаќа исправката на аритметичките грешки.

Доколку понудувачот не ја прифати исправката на аритметичката грешка, неговата понуда комисијата ќе ја исклучи од натамошна евалуација. Воедно, треба да се има предвид дека неприфаќањето на исправката на аритметичките грешки согласно член 101 став (6) алинеја 2 од законот, доведува до наплаќање на банкарската гаранција на понудата или активирање на изјавата за сериозност и издавање негативна референца.

Доколку понудувачот не одговори на известувањето од комисијата, ќе се смета дека ја прифаќа исправката на аритметичките грешки, а комисијата продолжува со процесот на евалуација.

11. Прашање:

Спроведена е постапка за јавна набавка на услуги за вршење надзор на изградба на објекти од нискоградба. Во постапката доставени се понуди од 10 (десет) понудувачи, а некои од понудите содржат неверојатно ниска цена.

Комисијата постапи согласно член 110 став (1) од законот, и побара објаснување за дадената цена. Доставените одговори не влеваат сигурност дека понудувачите би го извршиле договорот навремено и квалитетно бидејќи со понудената цене не можат да се покријат ни оперативните трошоци.

Оттука, бараме мислење како да постапиме.

Одговор:

Законот за јавните набавки согласно член 110 став (1), му дава можност на договорниот орган да побара објаснување за цената доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена. Оттука, доколку

постои сомнеж дека понудената цена е невообичаено ниска во однос на предметот на набавка или постои сомнеж дека договорот ќе биде навремено и квалитетно извршен за дадената цена, нема пречка договорниот орган да постапи согласно со член 110 од законот, и да побара објаснување за дадената цена.

Законот за јавни набавки не содржи дефиниција за „понуда со невообичаено ниска цена“. Во пракса, ова се однесува на ситуација во која цената понудена од економскиот оператор создава сомнежи во однос на тоа дали е економски одржлива и дали може соодветно да се реализира. Имено, изборот на понуда со невообичаено ниска цена е ризично поради: ризик од неисполнување на обврските, дополнителни трошоци или зголемувања на цената во текот на реализација на договорот, ризик во однос на квалитетот, избегнување на обврските од областа на заштитата на животната средина, социјалната политика и трудот.

Објаснувањето кое треба да го даде економскиот оператор за да ја оправда понудената цена согласно ставот (2) од горенаведениот член, може да се однесува на: економичност на производствениот процес кој е применет или на економичноста на обезбедувањето услуги или на начинот на градење; или на исклучително поволните услови што му се достапни за изведување на работите, обезбедување на услугите или доставување и слично. Ова објаснување во прилог би требало да содржи и соодветни доказите.

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Оттука, комисијата по добивањето на објаснувањето, одлучува дали ќе ја отфрли понудата или истата ќе продолжи понатаму во процесот на евалуација.

12.Прашање:

Дали Комисијата може да го исклучи понудувачот кој за одредени услуги во понудата дал нереални цени (високи) понеповолни од реалните на пазарот.

Одговор:

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Воедно, при утврдување на прифатливоста на понудите комисијата предвид треба да ја има дефиницијата од член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.

Со член 110 став (1) од законот, предвидена е можност договорниот орган да побара објаснување за цената доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена. Но, законот не дава можност да се бара објаснување во случај кога понудената цена е „невообичаено висока“.

Сепак, комисијата при евалуација на финансиските понуди во однос на понудените цени предвид треба да ја има одредбата од член 2 став (1) точка 34 од законот согласно која „пазарна цена“ е цената на релевантниот пазар земајќи ги предвид предметот на набавка, развиеноста на пазарот, условите од тендерската документација како што се начинот на плаќање, рокот на испорака, количините, гарантниот рок, средствата за обезбедување и слично.

Доколку, комисијата утврди дека понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот, согласно член 114 од законот, може да предложи поништување на постапката за јавна набавка.

СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

13. Прашање:

Одговорното лице на договорниот орган има донесено Решение за формирање на Надзорен орган за вршење на контролен надзор (составен од лица вработени во органот), за следење на реализацијата на Договорот за јавна набавка на ситен инвентар, алат и други материјали за одржување и поправки и одржување на опремата (Јавно осветлување).

Во Решението се наведени задачите на Надзорниот орган: да врши непосреден контролен надзор за време на извршувањето на Договорот над извршените услуги, да ги потпише испратниците, фактурите (да води евиденција на примените фактури по количина и вредност и навремено да известува за завршување на постапката по јавна набавка) и сл., во согласност на усвоената понуда и склучениот договор.

Во еден член на Договорот е опишан начинот на плаќање: дека ќе се врши вирмански одложено до 60 дена, по пристигнување на времена ситуација (градежен дневник и градежна книга), заверена од страна на овластен надзорен орган од страна на Договорниот орган.

Дали Надзорниот орган за вршење на контролен надзор смее да ги заверува времените ситуации (градежен дневник и градежна книга) односно да постапува како да е во исто време и овластен надзорен орган врз основа на Решението за формирање на Надзорен орган, или заверката на времената ситуација (градежен дневник и градежна книга) треба ја врши друг надзорен орган кој е избран во постапка согласно Законот за јавни набавки? Дали одговорното лице смее да донесе Решение за назначување на овластен надзорен орган на лице/а вработени во општината?

Одговор:

Законот за јавните набавки претставува процедурален закон со кој се уредуваат постапките и правилата за вршење јавни набавки.

Согласно член 117 став (2) од Законот, договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.

Согласно член 117 став (3) од Законот, на одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Имајќи го предвид горенаведеното, Бирото препорачува договорниот орган да изготви сопствени интерни процедури за набавки, со кои подетално ќе се уредат процесите, обврските и задолженијата за сите фази од јавната набавка, вклучително и за фазата на извршување на договорите за јавни набавки.

Согласно сето горенаведеното, а во врска со вашето прашање, контролата на извршувањето на договорот за јавна набавка треба да се врши согласно воспоставените процедури во договорниот орган, барањата од тендерската документација, одредбите од склучениот договор за јавна набавка на стоки/услуги/работи како и материјалните прописи и професионалните стандарди во областа од која е предметот на јавната набавка.

ПОДИЗВЕДУВАЊЕ

14. Прашање:

По спроведена отворена постапка, во фазата на реализација на склучениот договор за изведување на градежни работи, понудувачот со кој е склучен договорот бара да воведе нови подизведувачи кои не биле наведени во доставената понуда.

Дали, доколку избраниот понудувач со барањето достави и документи за утврдување на способност за новите подизведувачи, чиј вкупен удел нема да биде повеќе од 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, согласно со член 119 став (3) точка 2 од Законот за јавни набавки, договорниот орган може да го прифати барањето за воведување на нови подизведувачи кои не биле наведени во доставената понуда.

Одговор:

Согласно член 118 став (1) од законот, понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.

Носителот на набавката, согласно со член 118 став (3) алинеја 2 од законот, може за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не.

При тоа, носителот на набавката, заедно со барањето, во кое се вклучени потребните информации за потребата од воведување на еден или повеќе подизведувачи во извршувањето на договорот, ги обезбедува податоците и документите од ставот (2) на горенаведениот член, односно

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи; доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

Договорниот орган, не смее да го одобри барањето на носителот на набавката, доколку новиот подизведувач не ги исполнува бараните услови за утврдување на способност или постојат причини за исклучување.

Договорниот орган, исто така, има право, а согласно член 118 став (6) од законот, да го одбие предлогот за вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.